# Повик за доделување на под-грантови од страна на Национален ромски центар и партнерски организации Симбиозис 12 и ОРМ Бела Кула во рамки на проектот

# „Поддршка за легализација на ромско домување“

*ИПА/2017/391-735*

*Финансиран од Европската Унија*

This project is funded by European Union

Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

СОДРЖИНА:

1. ВОВЕД.....................................................................................................................4

2. ГЕНЕРАЛНИ УСЛОВИ.....................................................................................5

3. ВРЕМЕТРАЕЊЕ................................................................................................5

4. ПРЕДВИДЕН БУЏЕТ........................................................................................6

5. АКТИВНОСТИ КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ ДА БИДАТ ПОДРЖАНИ..............................6

6. НЕПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ И АКТИВНОСТИ..........................................................7

7. ВИДЛОВОСТ.......................................................................................................7

8. РЕГИОНАЛНИ ИНФО ДЕНОВИ...................................................................7

9. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ....................................................8
.

10. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУИРАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ..............................................8

11. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ..........................................................9

12. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ...............................................................9

13. ЛИСТА НА АНЕКСИ......................................................................................10

This project is funded by European Union

Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

| | |
|---|---|
| **Име на проектот** | Поддршка за легализација на ромско домување |
| **Имплементатор** | Национален ромски центар |
| **Партнери** | Симбиозис 12 и ОРМ Бела Кула |
| **Донатор** | Европска Унија |
| **Таргет група:** | Ромски граѓански организации |
| **Висина на повикот**<br><br>**Висина на под-грант** | 2.151.800 МКД<br><br>до 430.360 МКД |
| **Индикативен временски распоред** | Рок за доставување на апликации: 28.02.2019<br>Краен рок за поставување прашања: 20.02.2019<br><br>Евалуација на пријави и потпишување на договори: 03.2019<br><br>Времетраење на проектот: 01.04.2019 – 30.09.2019 |



Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

## 1. ВОВЕД

Проектот **„Поддршка за легализација на ромско домување"** го имплементираат Национален ромски центар во партнерство со Симбиозис 12 од Куманово и ОРМ Бела Кула во 6 општини: **Куманово, Кичево, Кочани, Штип, Велес и Прилеп** во период од 01.02.2018 година до 01.02.2020 година. Проектот е финансиран со поддршка на Европска Унија.

**Целта** на проектот е подобрување на условите за домување на Ромите преку поддршка на ромските семејства во процесот на легализација на нивните домови.

Во рамките на проектот се предвидени следните **резултати**:

- Најмалку 300 ромски семејства обезбедени со одржлива правна помош во процесот на легализација на нивните домови преку давање на правни совети, административна и техничка поддршка и управни постапки.
- Информирање на ромските заедници во 6 општини (Куманово, Кичево, Штип, Прилеп, Велес и Кочани) во континуитет за нивните права и правни насоки поврзани со легализација на нивните домови преку печатен материјал, локални телевизии и социјални мрежи.
- Зајакнати капацитети на ромските граѓански организации за заштита и промовирање на правата на Ромите поврзани со домувањето и легализацијата на нивните домови преку организирање на три обуки, водич за легализација и работа со ранливи групи и доделување на под-грантови за ромски граѓански организации;
- Претставници од 6 општини поблиску вклучени во проблемите на ромското домување преку организирање на 3 обуки и изработка на 6 документи за локални политики согласно приоритетите на општините во врска со легализација и урбанизација на ромските населби.

**Целна група** на проектот се Роми што живеат во општините Куманово, Кочани, Кичево, Штип, Прилеп и Велес, ромски граѓански организации, локална самоуправа, Катастар, Министерство за транспорт и врски

**Крајни корисници** на проектот се ромските семејства, граѓански организации кои работат со Роми, државни органи, локална самоуправа како и сите граѓани ви државата.


Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

Национален ромски центар од Куманово заедно со партнерските организации Симбиозис 12 од Куманово и ОРМ Бела Кула од Кичево за проектот **„Поддршка за легализација на ромско домување"** финансиран од Европска Унија на ден 31.01.2019 година го објавуваат следниот:

# Повик за доделување на под-грантови

## 2. ГЕНЕРАЛНИ УСЛОВИ

На повикот за доделување на под-гранотви за зајакнување на капацитетите на локалните граѓански организации можат да аплицираат граѓански здруженија кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да се ромски граѓански здруженија регистрирани во Централен регистар на ниво на државата;
- Да имаат оперативна организациска банкарска сметка;
- Здружението или клучниот персонал во 2017 година и/или во 2018 година да има работено на проекти и да има докажани капацитети за спроведување на активности на под-грантот;
- Да работат во областа на социјална интеграција на Ромите во општеството, застапување и промоција на правата на Ромите, домување и сл.

**НА ОВОЈ ПОВИК <u>НЕ МОЖАТ</u> ДА АПЛИЦИРААТ:**

- Граѓански организации кои се грантисти на IPA 2017
- Поединци
- На овој повик едно здружение на граѓани може да аплицира само еднаш како апликант или само еднаш како ко-апликант.

## 3. ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Под-грантовите ќе траат во период од најмногу 6 месеци. Проектите ќе треба да започнат најдоцна од месец април 2019 година, а треба да завршат најдоцна до крај на септември 2019 година.



Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

## 4. ПРЕДВИДЕН БУЏЕТ

Вкупниот буџет за зајакнување на капацитетите на локалните граѓански организации изнесува 2.151.800 МКД. Овие средства ќе бидат доделени на граѓански здруженија кои ќе ги исполнуваат условите на овој Повик и кои ќе бидат изберени во врска со овој Повик. Под-грантот може да биде во висина најмногу до 430.360 МКД.

Сите парични средства потрошени во рамките на проектите со средства добиени од под-грантот мора да бидат евидентирани со потврди/сметки. Со оглед на тоа што овој проект има добиено ослободување од ДДВ, начинот на плаќање и ослободувањето од ДДВ на трошоците ќе биде специфицирано посебно со секој од добитниците на под-грант во Договорот кој ќе биде склучен меѓу Национален ромски центар-Куманово и добитникот на гранотот. По склучување на договор корисникот на под-грантот треба веднаш да премине кон регистрација на проектот во Секретаријат на европски прашања при Влада на РМ и Управа за јавни приходи.

Сите парични средства за кои ќе се утврди дека се потрошени надвор од договорениот предлог буџет за проектот или за било какви неподобни трошоци за активности, примателот ќе мора да ги врати средствата на Национален ромски центар од Куманово.

Добитникот на средствата ќе биде должен да достави конечен извештај кој ќе се состои од детално документирани наративен и финансиски извештај, со копии верни на оригиналните потврди/сметки заверени со потпис на одговорно лице и печат на организацијата во пропишаните формулари. Конечниот извештај мора да се поднесе во рок од еден месец по завршувањето на активностите, најдоцна 30 дена по датумот на крајот на проектот како што е предвидено во договорот.

## 5. АКТИВНОСТИ КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ ПОДДРЖАНИ ОД ПОД-ГРАНТ:

- Организирање на активности како што се настани во ромските населби за дисеминација на релевантни информации во врска со домување и постапката за легализација.
- Активности за застапување за подобрување на локални политики и решенија за проблемите со домувањето на Ромите
- Организирање на кампањи за подигнување на свест во врска со правата за адекватно домување
- Поддршка на ромските семејства во постапката за легализација

**Забелешка:** Листата на активности за проекти кои можат да бидат поддржани од под-


Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

грант не е конечна.

## 6. НЕПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ И АКТИВНОСТИ:

- За подмирување на долгови, загуби или обврски
- За веќе постоечки активности
- За спонзорства за учествување на конференција дома или во странство
- ДДВ не се смета за прифатлив трошок

## 7. ВИДЛИВОСТ

Апликантите мора да ја гарантираат видливоста на финансирањето од ЕУ и на давателот на под-грантот Национален ромски центар со партнерски организации Симбиозис 12 и ОРМ Бела Кула.

## 8. РЕГИОНАЛНИ ИНФО ДЕНОВИ

Сите заинтересирани организации кои сакаат да аплицираат се покануваат на информативни сесии:

| ОПШТИНА | ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД | ДАТУМ |
|---|---|---|
| Куманово | Кр.Паланка, Кратово, Св.Николе, Пробиштип, Куманово | 08.02.2019 |
| Штип | Кочани, Берово, Виница, Делчево, Штип | 12.02.2019 |
| Прилеп | Битола, Кавадарци, Неготино, Прилеп | 13.02.2019 |
| Велес | Скопје, Велес | 14.02.2019 |
| Кичево | Гостивар, Тетово, Струга, Охрид, Кичево | 15.02.2019 |

**Забелешка:** листата на граѓански оргнизации кои можат да се пријават и да учествуваат на инфо деновите не е конечна.

Сите заинтересирани учесници можат да се пријават **најдоцна до 7 Февруари 2019 година до 15 часот** на следниве е-маил адреси: georgievska@nationalromacentrum.org и irsan_jasharovski@hotmail.com


Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

## 9. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Потребните документи за аплицирање: пријава за под-грант, предлог буџет и формулар за временска рамка можат да се симнат од веб-сајтот nationalromacentrum.org и на социјалните мрежи, https://www.facebook.com/National-Roma-Centrum-158602947539466/ и https://www.facebook.com/Symbiosis12/

**Забелешка:** Сите апликации треба да бидат поднесени на македонски и англиски јазик.

Вашите апликации може да ги испратите на следните е-маил адреси georgievska@nationalromacentrum.org и info@nationalromacentrum.org или лично во архива на НРЦ на адреса „Доне Божинов„ бр.11/5 Куманово **до 15.00 часот.**

Задоцнети, нецелосни или поинаку поднесени апликации спротивно на условите на овој Повик нема да се разгледуваат.

За **сите** **дополнителни информации до 20 февруари 2019 година** може да се обратите преку електронска пошта на следниве е-маил адреси: georgievska@nationalromacentrum.org и irsan_jasharovski@hotmail.com

## 10. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУИРАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ

Бодирањето на предлог проектот ќе се врши според следнава скала:

### 1. Технички пристап (максимум 50 поени)

- Релевантност на потребите и прашањата опфатени со проектот и повикот (25 поени):
- Квалитет на предложените активности (10 поени);
- Активности ориентирани кон резултати (10 поени)

### 2. Организациски капацитет и резултати од изминатото работење (максимум 30 поени):

- Граѓански организации или клучни лица со претходно работно искуство со Роми (10 поени)
- Граѓански организации или клучни лица со претходно искуство во обалста на



Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

легализација на домови (10 поени);
• Организации кои имаат најмалку 1 година искуство (5 поени)
• Административен, финансиски и управувачки капацитет (10 поени).

### 3. Предлог буџет (максимум 20 поени)

• Трошковна ефикасност (10 поени);
• Способност за финансиско управување (10 поени).

### ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Откако под-грантистите ќе склучат договор со Национален ромски центар, должни се да учествуваат на обуки и настани организирани од НРЦ и партнерските орагaнизации Симбиозис 12 и ОРМ Бела Кула. Сите под-грантисти редовно ќе бидат мониторирани и оценувани во текот на проектот.

### 11. РОК ЗА ПОДНЕСУВЊЕ НА АПЛИКАЦИИ

Крајниот рок за поднесување на апликации е **28 февруари 2019 година до 15:00 часот.**
Сите заинтересирани здруженија кои ги исполнуваат условите должни се да достават:

- Пријава за аплицирање, на македонски и англиски јазик
- Формулар за буџет на македонски и англиски јазик
- Формулар за временска рамка на македонски и англиски јазик
- Потврда од банка за оперативна банкарска сметка на здружението
- Статут на организацијата
- Изјава од овластено лице застапник на организацијата согласно доставена тековна состојба заверена на нотар дека здружението е претставувано од Ромите и ги застапува Ромите,
- Изјава од овластено лице застапник на организацијата согласно доставена тековна состојба заверена на нотар дека здружението не е корисник на грант од Делегација на Европската Унија,
- Изјава од овластено лице или застапник согласно доставена тековна состојба дали здружението со истиот проект има аплицирано на друг повик за под-грант.



Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

- Изјава од овластен претставник дека организацијата не е осудена со правосилна пресуда за учество во криминална организација, корупција, измама или перење пари;
- Тековна состојба не постара од 6 месеци
- Биографии на клучен персонал

**12. ЛИСТА НА АНЕКСИ**

Анекс 1: Пријава за под-грант
Анекс 2: Предлог буџет
Анекс 3: Формулар за временска рамка



Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org